Уп. бр. 08-85

Комисијата за заштита на конкуренцијата врз основа на член 28 и член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 145/10, 136/11, 41/2014, 53/16 и 83/18), а постапувајќи по известувањето за концентрација поднесено од Модирум Групација ОУ, со седиште во Округот Харју, Талин, област Кеклина, област Парну 139е/2, 11317, Естонија, преку Адвокатско друштво Папазоски и Мишев од  Скопје, на седницата одржана на ден 31.05.2024 година, го донесе следното

Р Е Ш Е Н И Е

1. Се утврдува дека концентрацијата со која Модирум Групација ОУ, со седиште во Округот Харју, Талин, област Кеклина, област Парну 139е/2, 11317, Естонија, ќе стекне контрола врз Друштвото за компјутерско програмирање и консултантски услуги ИТгма ДОО Скопје, со седиште на ул. Анкарска бр. 29А, 1000 Скопје, Северна Македонија,  преку стекнување на удел,  иако потпаѓа под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминантната позиција на учесниците и **е во согласност со одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата во смисла на член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.**

2. Се задолжува подносителот на известувањето за концентрација да  плати административна такса за известување за концентрација во износ од  6 000,оо ден. и за решението во износ од 30.000,оо ден., по тарифен број 34 од Законот за административни такси („Службен весник на Република Македонија“ бр.17/93, 20/96, 7/98, 13/01, 24/03, 19/04, 61/04, 95/05, 7/06, 70/06, 92/07, 88/08, 130/08, 6/10, 145/10, 17/11) на сметка на Буџетот на Република Македонија бр. 100000000063095, уплатна сметка 840...03161, приходна шифра и програма 72231300.

3.Тужбата за поведување на управен спор не го одлага извршувањето на решението.

О б р а з л о ж е н и е

Согласно одредбите од член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Законот), на ден 16.05.2024 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Комисијата), беше доставено известување за концентрација од Модирум Групација ОУ, со седиште во Округот Харју, Талин, област Кеклина, област Парну 139е/2, 11317, Естонија со која Модирум Групација ОУ ќе стекне контрола над Друштвото за компјутерско

програмирање и консултантски услуги ИТгма ДОО Скопје, со седиште на ул. Анкарска бр. 29А, 1000 Скопје, Северна Македонија, преку стекнување на удел.

Комисијата започна со испитување на Известувањето со денот на неговиот прием и врз основа на податоците доставени во Известувањето за концентрација и прилозите кон истото го утврди следното:

**Основни деловни активности на засегнатите претпријатија:**

Модирум Групација ОУ врши деловни и други консултантски активности за управување со друштва во рамките на Модирум групацијата, конкретно врши дејности на главна канцеларија, консултантско-менаџерски активности и други деловни и консултантско-менаџерски активности. Други друштва од групацијата вршат и компјутерски консултантски работи.

Модирум групацијата е присутна на пазарот во Северна Македонија преку следните Друштва:

- Друштво за производство, трговија и услуги ВЕБ ФАКТОРИ ДОО Скопје, со седиште на бул. 3-та Македонска Бригада бр. 56, 1000 Скопје, Северна Македонија, друштво кое развива софтвер и врши други ИТ услуги; и
- Друштво за маркетинг и услуги ЛАЈТХАУС УАН ДОО Скопје, со седиште на бул. 3-та Македонска Бригада бр. 56, 1000 Скопје, Северна Македонија, друштво што врши маркетинг активности.

Друштвото за компјутерско програмирање и консултантски услуги ИТгма ДОО Скопје работи во ИТ индустријата, конкретно во областа на вршење на компјутерско-консултантски активности, компјутерско програмирање и други слични ИТ услуги. Истото врши софтверски и ИТ услуги во неколку индустрии, како што се: телекомуникациите, банкарството и финансиите, софтвер и ит услуги, јавен и владин сектор.

Друштвото за компјутерско програмирање и консултантски услуги ИТгма ДОО Скопје,има основано три други друштва во 100% сопственост, и тоа:

- Друштво за компјутерско програмирање и консултантски услуги ИТгма Соурцинг ДООЕЛ Скопје, со адреса на седиште на ул. Анкарска бр. 29А, 1000 Скопје, Северна Македонија;
- ИТгма ДОО БЕЛГРАД-НОВИ БЕЛГРАД, друштво со ограничена одговорност основано и со седиште во Република Србија; и
- ITgma EMEA FZ LL, друштво со ограничена одговорност основано и со седиште во Обединетите Арапски Емирати.

Комисијата утврди дека пријавената концентрација потпаѓа под одредбите на Законот, бидејќи ги исполнува условите од член 12 став (1) и од член 14 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.

Комисијата, имајќи ги предвид критериумите од член 17 став (2), став (3) и став (4) од Законот за заштита на конкуренцијата и точка 6 в) i) од *Насоките за утврдување на случаите во кои при оценка на концентрациите Комисијата за заштита на*

*конуренцијата вообичаено ќе утврди дека истите се во согласност со Законот за заштита на конкуренцијата*, оцени дека пријавената концентрација, иако потпаѓа под одредбите од Законот, е во согласност со истиот бидејќи нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминатната позиција на учесниците.

Имајќи ја предвид ваквата оценка на концентрацијата, Комисијата одлучи како во диспозитивот на ова Решение, согласно член 19 став (1) точка 2) од Законот.

Согласно член 53 став (2) од Законот, тужбата не го одлага извршувањето на решението.

**Упатство за правно средство:**

Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред Управниот суд во рок од 30 дена од денот на приемот на решението

**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Ана Николоска**